Нова Македонија

БРОЈ 5375 — ГОДИНА XVII

ПЕТОК, 6 ОКТОМВРИ 1961 ГОДИНА



Ѓорѓи Абаџиев



Тома Владимирски



Блаже Конески



Спасе Куноски

# Добитници на овогодишните награди „11 Октомври“

На својата седница од 4 октомври Управниот одбор на Фондот за награди „11 Октомври“ донесе одлука за доделување на овогодишните награди. Со оваа одлука се наградуваат истакнати трудови од областа на уметноста и науката во периодот од 1 септември 1960 до 31 август 1961 година.

Овогодишните награди „11 Октомври“ ги добиваат: **Ѓорѓи Абаџиев**, за романот „Пустина“, **Тома Владимирски**, за тематската ликовна изложба „Покрај Вардар“, одржана во Скопје, **Блаже Конески** за редакторската работа врз Речникот на македонскиот јазик — I дел, **Тодор Димитровски, Благоја Корубин и Трајко Стаматовски** кои делат една колективна награда за составувачката работа во Речникот на македонскиот јазик, **Спасе Куноски** за платната изложени на заедничката изложба со Петар Мазев минатата година во Домот на ДСВР и **Ана Тофовиќ — Липша** за солистичкиот концерт одржан во Скопје на 18 мај 1961 година.

Висината на наградите изнесува 300.000 динари.

(Биографиите на наградените ги донесуваме на **5 страна**).



Ана Липша



Тодор Димитровски



Благоја Корубин



Трајко Стаматовски